ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 09 – 1/2016
Загреб, 13. 02. 2016.

# З А П И С Н И К

од **12. седница** на Управниот одбор на ЗМРХ која се одржа на ден **13.02.2016 година** со почеток во **12.25 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Борис Трајановски – Осиек, Симеон Јанев – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 11. седница на УО на ЗМРХ;
2. „Godišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2015. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците: IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
3. План и програма на работа со финансиска конструкција за 2016 година до Советот за национални малцинства на РХ од ЗМРХ и Друштвата;
4. Усвојување на Записникот од пописната комисија за имотната состојба на ЗМРХ за 2015 година и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Решавање на тековните прашања за списанието „Македонски глас“ и усвојување на донесените одлуки;
6. Договор околу реализацијата на програмите во 2016 година и усвојување на донесените одлуки;
7. Донесување на одлука за датумот и местото на одржување на редовното Изборно собрание на ЗМРХ, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 11. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** За годишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Godišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2015. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците: IR-1/Opće izvješće o

radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2015. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на ЗМРХ (прилог). Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. За извештаите на друштвата се рече дека се исто така, уредно и навремено изработени и заедно со извештајот на ЗМРХ во рок предадени до Советот за националните малцинства на РХ, освен извештајот на МКД од Сплит, кој не беше доставен до ЗМРХ, ниту полугодишниот, ниту годишниот за 2015 година. Врзано за тоа, МКД од Сплит не достави до ЗМРХ ниту годишен информатор за работата на Друштвото, и со тоа не ја испочитува одлуката од 10. седница на УО на ЗМРХ, додека останатите друштва своите годишни информатори навремено ги доставија до ЗМРХ. Исто така, МКД од Сплит не ја испочитува ниту одлуката за уплатување на членарината за 2016 година на почетокот на годината, односно во месец јануари. Се рече дека во изминатите четири години од вкупно 12 одржани седници на УО на ЗМРХ, претседателот на МКД „Македонија" од Сплит, Ангел Митревски, не присуствувал на седум, ниту пак било кој друг претставник на МКД од Сплит. Митревски сè уште не го подмирил долгот кон ЗМРХ: 166,12 кн за Деновите на македонската култура во Сплит, 1.992,65 кн за Летните кампови Шолта 2015 и личниот долг 1.281,40 кн (вкупно 3.440,17 кн), иако рече дека тоа ќе го стори до 31.12.2015 година. Се дискутираше и за недовршената програма на издаваштво, печатење на книгата „Стари македонски семејства во Хрватска 2" од Марина Апостоловска, која не излезе од печат во предвидениот рок и на молба до Советот за националните малцинства на РХ, истиот е пролонгиран, но книгата сè уште не е подготвена за печат иако авторката беше неколку пати предупредена да ја заврши, бидејќи пренамена на средствата за друга програма не е дозволена и ќе треба средствата да се вратат. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Во иднина да не се дава никаква готовина од ЗМРХ на ниедно Друштво и на ниедно одговорно лице за однапред планираните активности и програми, туку исплатите ќе се вршат исклучително по доставените фактури, односно сметки;
- Да се достави допис до УО на МКД „Македонија" од Сплит за давање до знаење и побарување на материјалите и долговите што ги има направено претседателот на Друштвото, Ангел Митревски према ЗМРХ, односно доставување и подмирување на истите најдоцна до 31.03.2016 година, со образложение дека е опоменат повеќе пати за тоа, како на УО на ЗМРХ, така и на Собрание на ЗМРХ, при што и тој самиот повеќе пати има ветено дека тоа ќе го испочитува во најкус можен рок;
- Претседателот да ја контактира Марина Апостоловска и да настојува таа да побрза со подготвувањето и издавањето на книгата;
- Се прифаќа и се дава на усвојување на Собранието на ЗМРХ „Godišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2015. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците: IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 3.** Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2016 година беше подготвен според податоците на пријавените програми за работа на ЗМРХ и друштвата до Советот за националните малцинства на РХ (прилог). Како и минатата година, кога Советот за националните малцинства на РХ ќе ја донесе Одлуката за финансирањето на програмите, тогаш од страна на ЗМРХ ќе се донесат и измените и дополнувањата, односно новиот План и програма на работа за 2016 година со финансиска конструкција, како и Финансискиот план кои ќе бидат поднесени на усвојување на Собранието на ЗМРХ. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се констатира дека Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2016 година, е подготвен според податоците на пријавените програми за работа на ЗМРХ и друштвата до Советот за националните малцинства на РХ.

**Ад. 4.** Пописот на имотната состојба на ЗМРХ беше спроведен на 24.12.2015 година од страна на пописната комисија (Виолета Штерјова, Цветко Поповски и Олга Чичек), а записникот подготвен и проследен до сите друштва (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- По предлогот на пописната комисија, се извршува отпис на дел од имотот на ЗМРХ кој не е веќе за употреба и е уништен (прилог бр. 4.);
- Се усвојува записникот од состанокот на пописната комисија на ЗМРХ.

**Ад. 5.** Претседателот Христодулов рече дека од оправдани причини главната и одговорна уредничка Милена Георгиевска не присуствува на седницата, па отвори дискусија по предлогот на новиот ценовник на списанието „Македонски глас" (прилог). Петровска рече дека битни промени во ценовникот нема, особено во висината на износите на хонорарите кои се вклопуваат во рамките на средствата што се добиваат. Промените се главно во називите на текстовите за исплата на истите (треба да се додаде уште и ставката Извештај 2 (1,5 стр.) – 200,00 кн.) и во напомената каде е објаснето хонорирање на текстови кои според својата важност и позиција се исклучоци и отстапуваат од редовните цени во ценовникот. Во дискусијата учествуваа сите членови на УО, а телефонски се приклучи и главната уредничка. На предлог на Георгиевска, се зборуваше за изгледот и содржината на 100-тиот број на „Македонски глас" (март-април), како и за одбележувањето на истиот со промоција или трибина (прилог). Се зборуваше и за новите законски прописи по кои ЗМРХ како непрофитно здружение не би требало да се бави со стопанска дејност која опфаќа ставање цени и издавање сметки за услуги и продажба на списанието и книгите што се печатат, како ни наплата на претплата, реклами и сл. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува предлогот на ценовникот на списанието „Македонски глас" со измените и со забелешка да се изврши консултација со книговодителката на ЗМРХ и со останати меродавни лица за точката 4. од ценовникот и за цената на списанието, според новите законски прописи;
- Да се промени главното интервју во бројот 98 со некое друго, бидејќи е со политичка тематика и не одговара на содржината на „Македонски глас";
- За промоцијата, односно трибината да се резервира сала во Загреб, по можност во „Трибина на Град Загреб", за 9 јуни 2016 година; На истата да се поканат сите досегашни уредници, актуелните дописници и претседателот на ЗМРХ на сметка на ЗМРХ – вкупно 8 лица на патен налог со потврда од автобус или воз и една дневница, додека останатите гости доаѓаат на своја сметка; Се задолжува Милена Георгиевка за организација на настанот.

**Ад. 6.** По оваа точка се расправаше за годинешните програми на ЗМРХ пријавени до Советот за националните малцинства на РХ. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Културната манифестација – изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска" со МКД „Билјана" од Задар ќе се реализира во Задар во текот на месец април; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Билјана" од Задар;
- За културната манифестација „25. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј" не се расправаше, бидејќи претседателот на МКД „Македонија" од Сплит не беше присутен на седницата;

- Културната манифестација „19. Денови на браќата Миладиновци“ со МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек ќе се реализира во Осиек и Ѓаково на 8 април и на 11 јуни; Организациски одбор за манифестацијата: МКД Браќа Миладиновци“ од Осиек;
- Културната манифестација „Илинден 1903-2016“ со МКД „Илинден“ од Риека ќе се реализира во „Голубињак“, Горски Котар, на 30 јули; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Илинден“ од Риека;
- Културната манифестација „Денови на глаголицата во Истра“ со МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула ќе се реализира во Истра во текот на месец мај; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула;
- Културната манифестација „Ден на ЗМРХ“ со сите МКД-а ќе се реализира во Загреб во октомври (во сабота, со почеток од 18.00 часот); Организациски одбор за манифестацијата: сите МКД-а; Координатор на манифестацијата: Илија Христодулов; Оваа година е јубилејна, 25 години од формирањето на ЗМРХ, па и манифестацијата треба да биде посебна, на повисоко ниво – се задолжува претседателот што поскоро да контактира со градоначалникот на Град Загреб и да обезбеди сала, по можност малата сала во КС „Ватрослав Лисински“; Се задолжуваат сите членови на УО да најдат спонзори за манифестацијата;
- Културната манифестација „Рацинов ден – Бели мугри“ со МКД „Охридски бисер“ од Загреб ќе се реализира во Самобор на 26 ноември; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Охридски бисер“ од Загреб;
- Културната манифестација – трибина „Хрватско-македонски културни поврзници“ со сите МКД-а ќе се реализира во Загреб, Сплит, Риека, Осиек, Пула и Задар во текот на целата година; Организациски одбор за манифестацијата: сите МКД-а;
- Летен камп – училиште по македонски јазик за ученици припадници на македонското национално малцинство од основно и средно училиште – оваа година кампот нема да се одржи на Шолта, бидејќи Ангел Митревски се откажа од организирање на истиот; Се задолжуваат Илија Христодулов, Тодор Брдарски и Борис Трајановски до почетокот на март да прашаат за камп во Нови Винодолски, Пула и Ораховица;

**Ад. 7.** Оваа година ќе се одржи редовно Изборно собрание на ЗМРХ – мандатот на сегашните потпретседатели истекува на 21.04.2016, а на претседателот на 17.05.2016 година. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Седницата на редовното Изборно собрание на ЗМРХ да се одржи во Загреб (датумот ќе се одреди дополнително по телефонски пат – 14 мај или некој друг близок, зависно од Одлуката на Советот за националните малцинства на РХ за доделување на средствата за суфинансирање на програмите);
- Сите друштва навремено да достават до ЗМРХ список на свои 3 (три) именувани делегати за Собранието;
- Да се исплатат патните трошоци (ќе се признава 3 делегати од еден град со еден автомобил за 1 кн/км или поединечно потврда од автобус или воз) и по една дневница на сите делегати на Собранието, со тоа да секој индивидуално си обезбеди храна и пијалак;
- Пред седницата на Собранието да се одржи вонреден состанок на УО на ЗМРХ.

**Ад. 8.** Под точката разно, се дискутираше за неколку теми. Мирјана Мајиќ даде пофалба за позитивното мислење од Советот за националните малцинства на РХ за теренската проверка и контрола на ЗМРХ за остварување на програмата на културна автономија според Одлуката на Советот за 2015 година. Се информираше за Одлуката на Владата на РХ (прилог) дека висината на дневниците на патните налози за корисниците на Државниот буџет на РХ изнесува 150,00 кн. Се информираше и за повикот за соработка од

водителката на проектот „Основање на интеркултурно училиште во Вуковар“ за помош при дополнувањето на курикулумот за македонски јазик, книжевност, музичка и ликовна култура со предлози од стручни лица (прилог). Во врска со манифестацијата „Ноќ на книгата“ која ќе се одржи на 22 април (прилог), се информираше дека секое друштво може индивидуално да се пријави за учество, а пријавите се вршат во текот на месец март. Петровска информираше дека во име на ЗМРХ организира промоција на книгата „Убавиот збор и железна врата отвора“ во Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје (спомен-соба на Миладиновци), која ќе се одржи на 3 март 2016 година, а промотор ќе биде проф. д-р Васил Тоциновски. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се даруваат 160 примероци од најновата книга „Убавиот збор и железна врата отвора“ на авторот Елизабета Петровска; се даруваат по 20 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 80,00 кн, а за јавен откуп до меродавните институции 180,00 кн;
- Се даруваат 50 примероци од најновата книга „Македонски бои во славонската рамница – траги на сеќавања“ на авторот Јагода Тренеска Цветичанин; се даруваат по 10 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 70,00 кн, а за јавен откуп до меродавните институции 160,00 кн;
- Сите друштва да ги достават до ЗМРХ своите Решенија за упис на промени во Регистарот на здруженија на РХ и заверените Статути од 2015 година;
- На Јавниот повик во рамките на проектот „Македонија памти“ од Агенцијата за иселеништво на РМ (прилог), оваа година ЗМРХ не предлага никого за доделување на одликувања и признанија за особени заслуги и достигнувања на физички и правни лица од иселеништвото, за афирмација на Република Македонија во светот, во сите области на општествено делување – остануваат претходните предлози за избор;
- Да се пријави ЗМРХ за учество на манифестацијата „Ноќ на книгата“ во соработка со МКД „Охридски бисер“ од Загреб;
- Се даруваат 30 примероци од книгата „Сјајот на скршениот кристал“ на авторот Елизабета Петровска на нејзино барање.

На крајот, Петровска на присутните им подели по еден примерок од најновите книги „Убавиот збор и железна врата отвора“ од Елизабета Петровска и „Македонски бои во славонската рамница – траги на сеќавања“ од Јагода Тренеска Цветичанин.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **15.45** часот.

Записничар:

Елизабета Петровска, дипл.инг.
секретар на ЗМРХ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ